ГЕВГЕЛИЈА

# ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН

Декември, 2025 - Број 108



## СОДРЖИНА


Стр. 3
**Тема**





Стр. 4-5
**Локални избори**





Стр. 6-8
**Интервју: Андон Сарамандов**





Стр. 9-12
**7 Ноември**





Стр. 13-16
**Актуелно**





Стр. 17-19
**Култура**





Стр. 20-21
**Атлетска трка**





Стр. 22-24
**Млади**





Стр. 25
**Спорт**





Стр. 26-27
**Мозаик**




# ДЕФИЛЕ

Најмалите гевгеличани - дечињата во  Детската градинка „Детска радост" во Гевгелија, први му го честитаа Денот на ослободувањето на Гевгелија - 7 Ноември на градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов. Притоа, му подарија рачно изработена слика со грбот на Општина Гевгелија.

Традиционално и годинава се одржа Училишно дефиле, со над 1.000 ученика од нижите одделенија во основните училишта на подрачјето на Општина Гевгелија, кои со песни, насмевки и знаменца придонесоа за празничната атмосфера. На платото пред Народниот театар, тие пееја заедно со Детскиот хор „Божилак", а беа доделени и наградите на учениците - учесници на Литературниот конкурс „Светлината над Гевгелија".

Во ООУ „Владо Кантарџиев" Првата награда ја освои Илија Карајанов (VIII одд.), Втората  Марио Николовски (VIII одд.), додека Третата награда ѝ припадна на Надија Мицкоска (III одд.)

Во ООУ „Крсте Мисирков" Првата награда ја освои Анастасија Дулевска ( V одд.), Втората Нина Зафирова (VI одд.), а Третата награда ја освои Бојана Костиќ (VIII одд.)



ТЕМА

# ГЕВГЕЛИЈА СЕ ОДЛУЧИ ЗА ДОВРШУВАЊЕ НА ЗАПОЧНАТОТО

Гевгелија уште во првиот изборен круг ги разреши сите изборни дилеми. Очекувано, мнозинството на граѓани својата доверба му ја дадоа на актуелниот градоначалник Андон Сарамандов за уште еден мандат. Дури со резултат од 3:1 граѓаните на Општина Гевгелија го поддржаа Сарамандов да ги реализира веќе започнатите и најавените проекти. А, тоа значи дека ја поддржаа развојната политика на досегашната и идна локална власт.

Изборите минаа во мирна и демократска атмосфера, како што доликува на Гевгелија, каде што изборните инциденти претставуваат реткост. Што е уште позначајно, на избирачките места и, воопшто, во градот и во населените места ја немаше онаа изборна напнатост, поттикната од директните учесници во изборниот процес. Граѓаните, барем оние што излегоа на гласање, ја сфатија и ја исполнија својата граѓанска должност без никакво оптоварување. Бидејќи, изборната апатија што ја зафати државата и неизлегувањето на повеќе од половината гласачи на избори, не ја заобиколи и Гевгелија. Иако, за десетина проценти излезноста во Општина Гевгелија е повисока од онаа на државно ниво. Ваквата изборна порака, подеднакво треба да ја сфатат централната власт и сите политички учесници во изборниот процес, се разбира, и на локално ниво.

Она што е повеќе од јасно во Гевгелија, по изборите, дека граѓаните бараат да се доврши започнатото. Континуитетот на локалната власт овозможува реализација на веќе започнатите проекти, како што се сообраќајното уредување на влезот во Гевгелија, новата сообраќајница во станбената населба „Касар-на" или пак урбаниот парк во Миравци да финишира. Проширувањето и подобрувањето на патната и комунална инфраструктура во Општина Гевгелија стануваат редовни активности. Она што паѓа во очи е определбата на локалната власт да реализира неколку урбани проекти, кои не само што ќе го заштитат куклтурното наследство туку и ќе придонесат за подобрување на туристичкиот имиџ на Гевгелија. Станува збор за реконструкцијата на Старата чаршија во Гевгелија, која е во тек, како и претстојната реконструкција на улицата „Маршал Тито" и враќање на стариот лик на оваа од памтивека позната улица како „Од станица до граница".

Воопшто нема сомневања дека збогатувањето на туристичката понуда во услови кога бројот на транзитните и сите други туристи во Гевгелија значително расте, секако, е еден од приоритетите. Дури и последните инвестициони вложувања за поттикнување на локалниот економски развој се во таа насока. Покрај градежната експанзија, која не ја заобиколи и Гевгелија, и значително го зголеми бројот




на новите станари од Грција, Скопје и другите градови, на економски план во општина Гевгелија има и други промени. По експанзијата на казинотуризмот од пред две-три децении, во прв ред, преку отворањето на најрепрезентативните хотел-казина во земјата, на повидок е експанзија на шопинг туризмот. Во завршна фаза е изградбата на два капитални проекта: трговски центар на влезот во земјата, непосредно крај граничниот премин „Богородица" и аутлет, на влезот во Гевгелија. Како резултат на зголемениот број на транзитните туристи, се најавува изградба и на уште еден голем трговски центар.

Покрај другото, зголемениот број на вработени, е еден од бенефитите за локалната самоуправа, од ваквата експанзија. Но, за целосна искиористеност на местоположбата на Гевгелија и растечкиот број на туристи, не само од Грција, туку и од Србија, Романија или Унгарија, кои поминуваат и застануваат тука, потребни се дополнителни чекори. Локалната власт веќе има Стратегија за туристички развој, изготви и пропаганден материјал за презентација на туристичките потенцијали, а се најавени и конкретни активности за поголема искористеност на можностите и капацитетите што ги нудат планинскиот, здравствено-рекреативниот, културниот и гастрономскиот туризам. Дел од започнатите и најавените проекти, всушност, се наменети токму за остварување на ваквата цел. Оттука и поддршката на граѓаните за нејзино остварување е сосема оправдана, имајќи ги предвид бенефитите на трговците, угостителите, издавачите на соби и цела низа услужни дејности од транзитниот туризам.

Истовремено, со своите гласови и овозможија на водечката партија во земјата да го зголеми мнозинството во Советот на Општина Гевгелија.

## Локални избори 2025

# АНДОН САРАМАНДОВ ПОВТОРНО ИЗБРАН ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК

Во мирна и демократска атмосфера минаа Локалните избори 2025 година во Општина Гевгелија. Од вкупно 18.821 гласач, запишани во Избирачкиот список, на 37 избирачки места, правото на глас го оствариле 11.220 гласачи. Излезеноста на Локалните избори 2025 година на подрачјето на Општина Гевгелија изнесува 59,61 %. Од вкупниот број употребени гласачки ливчиња - 10.425 се валидни, додека 795 се неважечки.

Уште во првиот круг на гласањето, на 19 октомври 2025 година, граѓаните на општина Гевгелија, со право на глас, избраа градоначалник на општина Гевгелија и членови на Советот на Општина Гевгелија. Притоа, тие повторно му ја дадоа својата доверба на досегашниот градоначалник Андон Сарамандов за втор мандат, како кандидидат на Коалицијата „Твоја Македонија" предводена од ВМРО–ДПМНЕ. Сарамандов го доби вториот мандат со освоените 6.289 гласа, односно 56,05% од вкупниот број гласови.

Инаку, во трката за градоначалник на општината учествуваа и Миле Атанасов од Коалицијата предводена од СДСМ, кој освои 2.227 гласа или 19,85%, Тони Аврамов од Левица со освоени 1.698 гласа или 15,13%, Љупчо Бучков од „Родина Македонија" со 161 глас или 1,43%, како и независниот кандидат Магдалена Каркалашева, која освои 128 гласа или 1,14%.

На изборите за Совет на Општина Гевгелија, листата на ВМРО–ДПМНЕ, предводена од Димитар Вегов, освои 5.580 гласа или 49,73% од вкупниот број гласови. Со тоа, ВМРО–ДПМНЕ обезбеди мнозинство во новиот состав на Советот на Општина Гевгелија со вкупно 11 члена. СДСМ, со листата предводена од д-р Александар Киров, освои 2.202 гласа или 19,63%, и во новиот Совет има четворица членови. Додека Левица, чија листа беше предводена од Николчо Петров, освои 1.904 гласа или 9,75% и две советнички места. Движењето ЗНАМ - За наша Македонија, чиј носител на листата беше Борче Нечевски, освои 541 глас или 4,82% и едно советничко место, додека Македонска акција - МААК, чиј носител на листа беше Ристо Ѓоргиев, освои 651 глас или 5,80% и едно советничко место.

- Вашата поддршка и доверба е најголемото признание, но и најголемиот поттик да продолжиме уште подобро, уште посилно, истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, по доделувањето на уверенијата за освоените мандати за градоначалник на општина Гевгелија и за членови на Советот на Општина Гевгелија од страна на Општинската изборна комисија. Притоа, Сарамандов



упати честитки до новоизбраните членови на Советот на Општина Гевгелија, како и голема благодарност до сите граѓани, до Општинската изборна комисија за професионално спроведениот изборен процес и до сите што беа дел од него. Во следниот период нè чека многу работа. Продолжуваме со истата енергија и одговорност, посветено да ја градиме Гевгелија како успешна, модерна и урбана заедница - нагласи старо-новиот градоначалник на општина Гевгелија, Андон Сарамандов.

## НОВ СОВЕТНИЧКИ СОСТАВ



Нови членови на Советот на Општина Гевгелија се: Димитар Вегов, Анета Стамкова, Георги Петков, Зоран Димитров, Надица Ристовски, Игор Илков, Борче Стојков, Павлина Минова-Ичева, Елена Хаџи-Николова, Ѓорге Попов и Сара Маркова од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ. Александар Киров, Каранфилка Алчинова, Цветан Нелоски и Елизабета Сивова од СДСМ. Николчо Петров и Михаил Тодоров, од Левица, Борче Нечевски од ЗНАМ и Ристо Ѓоргиев од МААК.

Во новиот состав на Советот на Општина Гевгелија 12 се мажи и 7 жени. Од вкупно 8 претседатела на Комисиите, 2 се жени, додека 4 жени се членови во Комисиите.

**Конституиран новиот Совет на Општина Гевгелија**

# АНЕТА СТАМКОВА ИЗБРАНА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ



Новоизбраниот Совет на Општина Гевгелија ја одржа својата прва конститутивна седница, која ја отвори највозрасниот член, д-р Елена Хаџи-Николова. По верификацијата на мандатите,членовите на Советот дадоа свечена изјава. Веднаш потоа, се премина на избор на нов претседател на Советот, за што беа предложени двајца кандидати. Димитар Вегов, во име на советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ, ја предложи Анета Стамкова, додека Николчо Петров од Левица го предложи Михаил Тодоров. Двата кандидата ги прифатија номинациите, а со мнозинство гласови, за претседател беше избрана Анета Стамкова, која продолжи да ја води седницата.

- Најпрво, од мое име сакам да му го честитам реизборот на градоначалникот Андон Сарамандов и да го честитам изборот за членови на Советот на Општина Гевгелија во наредниот мандат. Благодарност за довербата и честа што ми ја укажавте со изборот за претседател на Советот. Нашата цел е заедничка - да работиме транспарентно, конструктивно и во интерес на граѓаните. Очекувам сите да го почитуваме и доследно да го следиме Деловникот за работа и позитивните законски прописи кои важат во Република Македонија, да ја негуваме демократската расправа и да овозможиме конструктивен напредок за нашата Гевгелија. Верувам дека женската енергија поттикната од мене, како претседател на Советот, може да придонесе во тоа. Со меѓусебна почит, партнерство и ангажираност ќе успееме да реализираме значајни проекти и да обезбедиме стабилен и оддржлив развој на општина Гевгелија - истакна новоизбраната претседателка, Анета Стамкова.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов им го честиташе мандатот на новите членови на Советот и пред советниците ги претстави неговите приоритети во наредниот период. Истовремено, им порача дека работата на Советот е од исклучително значење за развојот и напредокот на една општина. Во прв ред, за задоволување на барањата и потребите на граѓаните, изразувајќи уверување дека заеднички може да се постигне ваквата цел.

# ИЗБРАНИ РАБОТНИ ТЕЛА

За непречено и конструктивно функционирање на новоизбраниот Совет, на првата седница беа именувани претседателите и членовите на сите постојани комисии. Во Комисија за прашања и избори и именувања за претседател е избран Георги Петков, а за членови Димитар Вегов, Борче Стојков, Ѓорге Попов и Каранфилка Алчинова. Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина ќе ја води Игор Илков, а членови се Зоран Димитров, Павлина Минова - Ичева, Борче Нечевски и Каранфилка Алчинова. Комисијата за финансирање, буџет и локален економски ја сочинуваат Димитар Вегов, како претседател и членовите Борче Стојков, Надица Ристовски, Михаил Тодоров и Елизабета Сивова. Комисијата за статут и прописи ја предводи Николчо Петров, а членови се Елизабета Сивова, Надица Ристовски, Ѓорге Попов и Игор Илков. Додека, Комисијата за здравствена и социјална заштита и заштита на децата ја води Зоран Димитров, а членови се Елена Хаџи-Николова, Сара Маркова, Михаил Тодоров и Александар Киров. Претседател на Комисијата за образование, култура и спорт е Павлина Минова-Ичева, а членови се Димитар Вегов, Георги Петков,



Борче Нечевски и Цветан Нелоски. Комисијата за функционирање на системот на локалната самоуправа ја води Ѓорге Попов, членови се Борче Стојков, Зоран Димитров, Николчо Петров и Александар Киров, додека Комисијата за еднакви можности на жените и мажите ја води Елена Хаџи-Николова, а членови се Сара Маркова, Надица Ристовски, Николчо Петров и Елизабета Сивова.

ИНТЕРВЈУ

Интервју со градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов

# ПРОДОЛЖУВАМЕ ПОСВЕТЕНО ЗА УСПЕШНА И МОДЕРНА ГЕВГЕЛИЈА



## *- Моја главна заложба и цел во вториот мандат е Гевгелија и Општината да продолжат да се развиваат и да се менуваат кон подобро*

***Голем број граѓани ве поддржаа за втор мандат, што претставува за вас ваквата доверба на граѓаните?***

- Добиената доверба за уште еден градоначалнички мандат за мене претставува голема чест, но морам да кажам и обврска. Тоа е најдобрата потврда дека сум ги оправдал очекувањата на граѓаните, можеби не целосно, но поголемиот дел од нив. Многу повеќе ме радува фактот дека граѓаните полека ја враќаат довербата кон Локалната самоуправа, што за мене е посебно важно и ми дава дополнителен мотив за остварување на уште подобри резултати. Со нови проекти, залагања и резултати да создадеме од општина Гевгелија една модерна и урбана заедница. Изминативе четири години покажавме дека кога ќе се постави јасна визија и кога се работи посветено, резултатите секогаш се видливи.

***На што се должи ваквиот оптимизам?***

- На веќе изградената и воспоставена доверба меѓу луѓето и вербата дека Гевгелија може и мора да оди напред. Тоа е основната и вистинската постигната вредност, потврдена со бројни реализирани проекти, кои придонесоа Гевгелија да се развива како урбана и модерна општина. Почнувајќи од проширената патна и комунална инфраструктура, подобрената заштита на животната средина и енергетска афикасност, па сè до подобрените услови за згрижување на децата во предучилишните и воспитно-образовните институции. Секако, и зголемената социјална заштита и грижа кон ранливите категории на граѓани, воспоставениот директен контакт со младите и преточувањето на нивните иницијативи во конкретни проекти. Гевгелија стана регионална културна престолнина и средина со целосно подобрени услови за спорт и рекреација на сите категории на граѓани.

***Спомнавте за веќе отпочнати активности, кои се тие и што може да очекуваат граѓаните?***

- Продолжуваме со веќе започнатите проекти, како што е изградбата на повеќе сообраќајници во Гевгелија и во населените места, кои значително ќе придонесат за подобрување на патната инфраструктура. Со изградбата на комуналната инфраструктура во Урбан блок 4 во Гевгелија, како и на колекторските системи за отпадни и атмосферски води во населените места ќе обезбедиме поквалитетна комунална инфраструктура. Изведбените работи за реконструкција на Старата чаршија непречено се одвиваат, во тек е партерното уредување на улицата „Бранд Петрушев", по што ќе продолжи реконструкција на делот од чаршијата на улицата „7 Ноември". И покрај многуте предизвици, во завршна фаза е реконструкцијата на ДТВ „Партизан", така што Гевгелија ќе добие нов дом за повеќе типови на спорт. Привршуваат подготвителните активности за реализација на неколку проекти, кои значително ќе го променат урбаниот лик на градот и ќе придонесат за зголемена заштита на животната средина. Со реконструкцијата на главната улица „Маршал Тито" предвидена е изградба на подземна инфраструктура, прередување на гранитните коцки, поплочување на тротоарите и засадување на нови дрвја и поставување на модерно улично осветлување. Во првата фаза, изведбените работи ќе се одвиваат на делот од улицата од Градската библиотека до железничката станица. Да спомнам дека во моментот се изведуваат градежни активности за реконструкција на старото училиште во Серменин, со изградба на нова вело патека.

***Според вашата изборна програма во наредниот период треба да се реализираат повеќе проекти, кои се приоритетните?***

- На брегот на Сува Река во Гевгелија, на површина од 25.000 $м^2$, ќе биде изграден најголемиот парк во општината за одмор и рекреација, кој значително ќе придонесе за подобрување на квалитетот на животната средина и урбаниот развој. Започнавме и со изработка на техничка документација за изградба на секундарен сообраќаен влез во Гевгелија, со поврзување на улицата „Борис Кидриќ" со локалниот пат за Мрзенци. Значаен проект кој ќе придонесе за подобрување сообраќајниот проток на градот Гевгелија. Изградба и уредување на кејот на реката Вардар, на потегот од мотелот „Вардар" до граничниот премин „Богородица". А, исто така, и изградба на нов градски плоштад со ново модерно и функционално архитектонско решение на центарот на градот.

***Честопати во кампањата нагласувавте дека дел од реализираните проекти и зафати во изминатите четири години произлегоа од средбите со граѓаните и искажаните нивни потреби. Дали ваквата пракса ќе продолжи и во иднина?***

- Како што веќе нагласив, комуникацијата со граѓаните е посебно значајна- како заради враќање на довербата, така и за директно решевање и излегување во пресрет на нивните барања. За време на првиот мандат, поголем дел од реализираните проекти и зафати беа наметнати и побарани од самите граѓани. Посебно ме радува што некои од реализираните проекти, како што беше изградбата на рекреативниот парк „Топлик", беа иницијатива на младите. Затоа и во наредниот период продолжувам со таквата пракса и средби со граѓаните, како за согледување на нивните конкретни потреби, така и за креирање на општинската политика. Наскоро ќе бидат одржани првите вакви средби за креирање на новиот Буџет на Општина Гевгелија за 2026 година.

> **“Само со напорна работа и целосна посветеност можеме да ја оствариме визијата за развој на нашиот град. Мојата главна заложба и цел во вториот мандат е Гевгелија да продолжи да се развива и да се менува кон подобро.“**

***Во последните четири години беа реализирани повеќе проекти кои придонесоа за модернизирање на патната и комуналната инфраструктура во нашиот град. Дали планирате да продолжите со ваквите активности?***

Секако. Континуитетот во вложувањето во патната и комуналната инфраструктура останува наш врвен приоритет, затоа што целта е да обезбедиме современи услови за живот и развој на општината. Активностите ќе ги насочиме во две насоки – изградба на нова инфраструктура и реконструкција на постојната, таму каде што има потреба. Особено внимание ќе посветиме на урбаните блокови каде изминатите години се донесени урбанистички планови и се градат нови објекти, но сè уште недостасуваат основните инфраструктурни решенија. Паралелно, ќе вложуваме и во уредување на јавни простори за рекреација, кои ќе бидат на услуга на граѓаните. Нашата заложба е за одржлив урбан развој и воведување нов, современ концепт на урбанизација и домување, кој ќе важи на територијата на целата општина.

***Какви мерки и активности ќе се преземаат за поттикнување на локалниот економски развој?***

- Во изминатиов период активностите за поттикнување на локалниот економски развој беа насочени кон обезбедување на поповолни услови за нови инвестициони вложувања заради обезбедување на нови работни места. Бенефитите од ваквите активности наскоро ќе се почувствуваат преку отворањето на двата големи трговски центри, на влезот на Гевгелија и крај граничниот премин „Богородица“. Нашите заложби се насочени кон создавање на економски посилна општина за која цел ќе обезбедиме поголема поддршка преку разни форми на поддршка. Исто така, продолжуваме со конкретни активности за подобрување на локалните услови за водење на бизнис и поддршка на мали и средни претпријатиа.

***Утврдена е Стратегијата за развој на туризмот, презентирани се и туристичките потенцијали на поднебјето, какви се наредните чекори?***

- Наша цел, како локална самоуправа, е туристичките потенцијали да ги доближиме до потенцијалните туристи и посетители. Покрај разновидните форми на туристичка презентација и докомплетирање на информативниот материјал, предвидени се повеќе конкретни зафати и активности за поттикнување на локалниот туризам. Реконструкцијата на старото училиште во Серменин веќе започна, претстои изградба на велопатека од еден километар до манастирот „Св. Илија“ и изградба на полетиште за параглајдери кај Стајка. Во фаза на изработка е ДУП за опфатот околу Конска брана за уредување на туристичка населба, а ќе биде изведена и ревитализација и уредување на Вардарски Рид. Многу поголемо внимание ќе посветиме и на уредувањето на другите излетишта во општината, особено покрај реките и уредување на тримпатеки.

***По формирањето на Општинкиот младипски совет, спроведени се повеќе активности за анимирање на младите, што ќе се преземе за нивно унапредување?***

- Подеднакво се ангажираме за подобрување на условите за образование и воспитување на младите, како и за нивно активно вклучување во целокупното општествено живеење. Во СОУ „Јосиф Јосифовски“ претстои изградба на Иновативниот тренинг центар, како и подобрување на просторните и условите за настава во другите образовни институции. Предвидена е целосна реконструкција на Пионерскиот дом, така што Гевгелија ќе добие модерен, репрезентативен објект за дружење и социјализација на младите. Организираните бесплатни часови по гитара, тапани, како и за членување во драмска и ликовна секција на младите, се покажаа како успешни. Затоа, продолжуваме со поттикнувањето на талентот на младите луѓе и нивното анимирање за стекнување на нови знаења.

***„Гевгелија град на културата 2025“ е во својата завршница. Дали сте задоволни од презентираната културна понуда и дали ќе продолжите со поддршка на културата и во новиот мандат?***

- Самиот факт дека во Гевгелија за десет месеци се одржале дури 122 разновидни културни настани, во рамките на манифестацијата „Гевгелија град на културата 2025“ доволно зборува дека Гевгелија полека станува регионален културен центар. За оформување на ваквата богата културна понуда беше значајна финансиската и логистичката поддршка од страна на Општина Гевгелија на здруженијата на граѓани, културни друштва и работници, кои со своите проекти, активности и манифестации придонесуваат за збогатеното културно живеење. Затоа, и продолжуваме со поддршката и во наредните четири години, и тоа, не само за веќе афирмираните културни манифестации, кои ја брендираа Гевгелија туку и за сите други креативни проекти и активности.

***Во изминатиот мандат активностите за подобрување на спортот се одвиваа во две насоки: обезбедување на квалитетна спортска инфраструктура и поддршка на сите спортови. Дали сте задоволни од постигнатото?***

- Формулата за поттикнување на развојот на спортот и поголема вклученост на младите преку изградба на спортска инфраструктура и поддршка на сите спортски дисциплини се покажа како успешна. Горд сум што во скоро секое населено место изградивме и уредивме спортски игралиште и детски катчиња, а акцијата продолжува и во преостантите села. Горд сум, исто така, што за кратко време Гевгелија стана европски атлетски центар, но доби и најмодерна атлетска патека во спортско-рекреативниот центар „Касарна“. За целосно заокружување и збогатување на овој центар предвидена е изградба на нов фудбалски стадион во Урбан блок 5 со фудбалски тренинг камп за млади фудбалери. Со реализацијата на овој проект ќе бидат создадени најсовремени услови за обука и развој на младите спортисти, а Гевгелија ќе добие модерен и репрезентативен спортски објект.

***Која е вашата заложба и главна цел во вториот мандат?***

- Само со напорна работа и целосна посветеност можеме да ја оствариме визијата за развој на нашиот град. Мојата главна заложба и цел во вториот мандат е Гевгелија да продолжи да се развива и да се менува кон подобро. Се залагам нашиот град и општина да станат модерна и урбана заедница, по примерот на европските и развиените градови. Граѓаните тоа го заслужуваат и го очекуваат, а јас како еден од нив, најмногу го посакувам.

**Гевгелија се развива во успешна модерна и урбана заедница**

# СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ГЕВГЕЛИЈА - 7 НОЕМВРИ



Гевгелија со бројни свечености и оддавање почит на борците кои ја донесоа слободата пред 81 година, го одбележа Денот на ослободувањето 7 Ноември. На свечената седница на Советот на Општина Гевгелија, што се одржа во Народниот театар во Гевгелија ,присуствуваа бројни гости, министерот за локална самоуправа на РМ - Златко Перински, претставници на Здружението на борците од НОВ и нивните следбеници, претставници на државните и локалните институции, на бизнис-заедницата, на културниот и на јавниот живот, како и делегации од збратимените и пријателските општини Јабланица, Парачин, Гвозд и Копривнички Иванец. По интонирањето на државната химна, Свечената седница ја отвори Анета Стамкова, претседателка на Советот на Општина Гевгелија, која на присутните им го честита Денот на ослободувањето на Гевгелија.

- Овој ден е симбол на храброста, на единството и на љубовта кон нашиот град. Тоа е ден кога се сеќаваме на минатото, ги почитуваме оние кои се бореле за слобода и ја негуваме нашата историја и традиција. Со вечерашнава Свечена седница одбележуваме значаен момент во историјата на нашиот град, а истовремено оддаваме почит на оние кои се бореле за она кое ние го имаме денес-слободата. Осврнувајќи се наназад, Гевгелија по ослободувањето се соочувала со бројни предизвици, но истовремено одбележала и значаен напредок. Денес, нашиот град останува отворен, динамичен и со богата традиција, полн со можности за развој. А, визијата за утре е визија за развој на Гевгелија, за град кој се движи напред, кој ги вреднува своите граѓани и создава услови за квалитетен и достоинствен живот за сите. Изминатите години, со посветена работа и одговорни политики направен е сериозен чекор напред кон создавањето на урбана и модерна општина. Посакувам општина Гевгелија да се развива како вистински дом за сите нејзини граѓани- истакна Стамкова.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сармандов, во своето обраќање се осврна на активностите и постигнатите резултати на Општина Гевгелија во изминатите години:

- И, годинава, сме овде заедно да го одбележиме овој значаен ден за нашиот град и да се потсетиме дека слободата не е подарок што се добива еднаш засекогаш. Таа се негува и брани секој ден, со почит и со љубов кон нашиот град. Овој ден е потсетник зошто постоиме како заедница, кои вредности нè држат заедно и што е тоа што нè движи напред дури и кога не е сè така лесно. На 7 ноември 1944 година, Гевгелија ја издвојува победата и го отвори патот кон подобро утре. Оваа победа не беше само на храбрите борци во првите борбени редови, туку и на сите граѓани што ја сакаат и ја градат својата татковина. Денес, 81 година по ослободувањето, Гевгелија продолжува да расте и да се развива. Како што ја

почитуваме историјата, така треба да ја градиме и иднината. Гевгелија станува посилна и посовремена во сите сегменти на општественото живеење. Да ја чуваме нашата Гевгелија, да ја надградуваме и да ја оставиме подобра на генерациите што доаѓаат по нас, истакна Сарамандов.

- Во изминатите години покажавме дека кога се работи и кога ќе се постави јасна визија, резултатите секогаш се видливи. Затоа, се реализирани бројни проекти што придонесоа Гевгелија да се развива како урбана и модерна општина. Реализиравме повеќе капитални проекти од областа на комуналната и патна инфраструктура, заштита на животната средина, образованието, социјална политика, туризмот, културата и спортот. Покажавме дека кога се работи посветено и вложуваме повеќе, граѓаните ја враќаат довербата. Гевгелија денес е регионален културен центар, кој зрачи со енергија, град кој повторно живее динамично. Гевгелија денес е подготвена за нови инвестиции. Горд сум што во тек на реализација се две нови инвестиции во Гевгелија, кои ќе овозможат над 500 нови вработувања. Горд сум што Гевгелија се развива во успешна, модерна и урбана заедница. Гевгелија расте и чекори напред, рече Сарамандов.

- Вечерва, почитувани, сакам да споделам уште нешто со Вас. Довербата што ми ја укажавте на Локалните избори повторно да ја водам нашата општина, за мене претставува огромна чест, но и аманет. Аманет кон генерациите што ја донесоа слободата, аманет кон генерациите кои низ години-те придонесоа за обнова на Гевгелија, аманет кон граѓаните кои ја поддржаа мојата заложба за Гевгелија како модерна и урбана заедница за идните генерации, кои ќе сакаат да останат во својата родна Гевгелија. Затоа, продолжуваме таму каде што застанавме, уште помотивирано, попосветено, со визија и со љубов кон Гевгелија. Продолжуваме со јасни цели и посилна решителност. Пред нас доаѓа убаво време за Гевгелија, време за нови проекти, нови можности и нови резултати, истакна во своето обраќање градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов.

Во своето обраќање на Свечената седница, министерот за локална самоуправа, Златко Перин-ски, нагласи дека Гевгелија за него има посебно место поради искреноста, топлината и гостопримството на нејзините жители. Гевгелија претставува пример за успешна локална самоуправа и модел на соработка меѓу централната и локалната власт. Тој нагласи дека преку ваквата синергија се реализираат бројни проекти од значење за граѓаните и дека Владата на Република Македонија ќе продолжи со силна поддршка на општината и во иднина. Потсети дека Општина Гевгелија доби финансиска поддршка од над 220.000.000 денари издвоени од централниот буџет за реализација на 11 проекти.



# СРЕДБА НА ЗБРАТИМЕНИТЕ ОПШТИНИ

На прославата на Општинскиот празник - 7 Ноември, присуствуваа и делегации од збратимените општини Јабланица (Босна и Херцеговина), Гвозд и Копривнички Иванец (Хрватска) и Парачин (Србија). Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов оствари средба со гостите, на која беше нагласено дека овие средби се важни не само за културната и историската размена, туку и за економската соработка и продлабочување на заедничките проекти што ги поврзуваат граѓаните. По приемот, гостите, заедно со претставници на Општина Гевгелија, политичките партии, локални иснтитуции и граѓански организации положија цвеќе на Спомен костурницата и другите спомен обележја во Гевгелија, оддавајќи им почит на сите кои го дале својот живот за слободата на Гевгелија.



# БЛАГОДАРНИЦИ

На Свечената седница на Советот на Општина Гевгелија им беа доделени Благодарници на личностите, кои изминатава година со своите резултати ја афирмираа Општина Гевгелија: на ПЕПИ КУПАНОВ - претприемач за неговиот континуиран успех и посветеност во развојот на сопственото бизнис, за афирмација на локалното претприемништво и за придонесот кон економскиот развој на Општина Гевгелија, на младиот информатичар ЛЕОНИД ЦУКЛЕВ - за извонредните успеси и за афирмација на градот на национално и меѓународно ниво, како и на м-р ВЛАТКО СЕМЕНАКОВ - спортски работник од Гевгелија, за неговите извонредни спортски достигнувања и резултати како успешен тренер по атлетика и тенис.

# СВЕЧЕНО ОТКРИЕНО СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕТО НА ИЛИЈА ЦАЏЕВ

На Денот на ослободувањето на Гевгелија- 7 Ноември, во присуство на голем број граѓани и гости свечено беше откриено Спомен обележјето на професорот, писателот и човекот со хавајката Илија Цаџев, дело на гевгелискиот и македонскиот современ уметник, Перо Кованцалиев. Илија Цаџев е роден на 5 октомври во Гевгелија 1926 година, завршил Природно-математички факултет, група Географија во 1954 година и работел како професор во Металното училиште. Илија Цаџев, како виртуоз на класична и хавајска гитара, одржал над 6.000 бесплатни хуманитарни концерти ширум светот. Долги години учествувал на Струшките вечери на поезијата, како музички илустратор на светските поети, како поет зад себе остави 19 збирки на поезија, а бил член на Друштвото на писатели на Македонија. Илија Цаџев починал на 14 април 1991 година.

На свеченоста сеќавања за својот современик изнесе гевгелискиот скулптор Јордан Дане Јанев:

- Стоиме пред спомeникот на човек кој со својата музика, човечност и добрина остави неизбришлива трага во нашиот град. Илија беше повеќе од музичар, тој беше уметник кој знаеше секоја нота да ја претвори во емоција и секој настап во празник. Неговата музика беше приказна за љубовта кон човекот, животот и кон Гевгелија. Беше организатор на првата гитаријада во Гевгелија и основач на Списанието „Јужен глас". Ќерката на Илија Цаџев, Софија, во своето обраќање се заблагодари на градоначалникот Андон Сарамандов што Гевгелија добива спомен-обележје на нејзиниот татко, кој ќе остане за навек спомен на идните генерации.

На свеченото откривање се обрати и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, кој истакна дека со овој чин градот му оддава признание на



човекот кој со својата работа и харизма ја облагороди културната и општествената сцена на Гевгелија:

- Денешниот ден ќе остане запаметен во историјата на Гевгелија. Во присуство на членовите на фамилијата, Софија и Никола, свечено го откриваме спомен-обележјето на професорот Илија Цаџев. Човекот кој скромно, но длабоко ја има збогатено културната и општествената слика за нашиот град. Наш аманет е да ги пренесеме неговите вредности на генерациите понатаму. Гевгеличанецот Илија Цаџев денес го добива местото за негов вечен спомен пред Домот на културата, во центарот на Гевгелија, каде и самиот поминал дел од својот животен и професионален пат.

Градоначалникот Сарамандов и ќерката Софија го открија спомен-обележјето на Илија Цаџев, дело на современиот македонски мултимедијален уметник, м-р Перо Кованцалиев, кој преку современ уметнички израз, излиено во бронза, го овековечи ликот и делото на Цаџев, прикажувајќи го со неговиот препознатлив инструмент- хавајската гитара.

# ПРАЗНИЧЕН КОНЦЕРТ НА „ГОРТИНИЈА"

Градскиот мешан хор „Гортинија" со својот Празничен концерт во Народниот театар во Гевгелија, покажа дека е вистински и достоен репрезент на Гевгелија. Под диригентската палка на м-р Илија Атанасов, хорот изведе разновидна програма која го обедини класичното и народното музичко творештво. На репертоарот беа композициите „Свети Кирил и Методиј" од Таки Хрисик, „Хвалите господа" од Дмитри Бортниански, "Gagliarda" од Baldasare Donatti, "Dies Irae" од Michael J. Trotta, како и „Македонско оро" од Тодор Скаловски.

Членовите на хорот, млади ентузијасти, аматерски пејачи со одлични вокални интерпретации и љубов кон хорската уметност, ја пренесоа музичката култура, традицијата и духот на Гевгелија. Присутните и овој пат уживаа во професионалната изведба на хорот, кој има остварено голем број целовечерни концерти во: Австрија, Шпанија, Полска, Грција, Турција, Србија,




Бугарија. Хорот „Гортинија" е формиран во 2006 година, а во изминативе скоро две децении има постигнато богата уметничка дејност, за која е наградуван на бројни домашни и меѓународни хорски натпревари.

**Богата Седмоноемвриска културна програма**

# МЛАДИТЕ ПЕЕЈА ЗА ГЕВГЕЛИЈА



Во чест на Денот на ослободувањето на Гевгелија - 7 Ноември, во Угостителската сала на СОУ „Јосиф Јосифовски“- во Гевгелија, се одржа традиционалната поетско - музичката вечер „Пееме за Гевгелија“. Преку поезија, музика и движење учениците од Средно-училишниот центар ги презентираа македонската литература и богатото културно наследство. Вечерта беше збогатена со кратки видеа, кои ја прикажаа Гевгелија низ времето - нејзиното минато и сегашност, како и, впрочем, изведената поезија и музика. И тоа, од страна на учениците и членовите на Драмската секција „Дон Кихот“: Костадин Узунов, Јована Дупарова, Ристо Шуклев, Катерина Јовановска, Марија Илкова, Ана Кундурџиева, Сара Јанишлиева, Јована Стојанова, Ана Милевски, Ивана Гавровска, Розета Миовска, Андреј Кокалов, Мила Зајков, Димитар Стојчевски, Андреј Димов, Бранко Проданов, Весна Папучиева, Душко Чурлинов, Јован Грозданов, Ања Поп-Костова, Јован Јовановски, Мартин Илиев, Андреа Проданов, Бојан Јованов и Матеј Аврамов. Поетско-музичката вечер беше во режијата и по сценарио на професорката м-р Даниела Цишева, техничката обработка на професорот Тони Аврамов и музичка поддршка на професорот м-р Илија Атанасов.

# ФОЛКЛОРЕН ЃЕРДАН




дом „Јосип Броз Тито“. На оваа фолклорна смотра во Народниот театар продефилираа бројни ансамбли и групи од Гевгелија и од повеќе градови низ државата: „Распеани гевгеличани“, „Распеани пензионери - Сава Михајлов“, Фолклорната група „Пензионерски бисери“- Скопје, ФА „Тиквеш“- Кавадарци, КУД „Илинден“- Битола, КУД „Панче Пешев“- Куманово, како и домаќинот Ансамбл „Бојмија“. Публиката уживаше во шаренило од ора, песни, носии и ритми кои со генерации се пренесуваат како живо културно наследство и израз на народниот дух.

# ИЗЛОЖБА НА ДЛУГ



На Седмоноемвриската традиционална ликовна изложба во Уметничката галерија „Амам“ во Гевгелија се претставија членовите на ДЛУГ: Атанас Крстов, Адриана Манчева, м-р Александар Јанев, Ана Петрова, Борис Петров, Анамарија Митриќеска Кал’чева, Вангел Срнаков, Горан Јованов, Гордана Петрова, Дамјан Ѓуров, Драги Хаџи-Николов, Иван Кал’чев, Јордан Јанев- Дане, м-р Мирјана Крстева Массетти, Михаил Петров, Никола Бутров, м-р Перо Кованцалиев, Катерина Чугунска, Розета Картова, Сотир Хаџи-Николов и Фиљо Танов.

„Изложбата се одржува во духот на одбележувањето на 45-годишниот јубилеј од основањето на ДЛУГ, кој од своето формирање во 1980 година претставува еден од највиталните носители на ликовниот живот во градот“- истакна на отворањето Саша Јованов, директор на НУ Музеј- Гевгелија.

# МУЗИЧКА РАЗГЛЕДНИЦА



Учениците од ООМУ „Васо Карајанов“ во Гевгелија, во пресрет на празникот, одржаа концерт „Музичка разгледница“ во Балетската сала на Музичкото училиште. На концертот настапија ученици од Класите по пијано, виолина, флејта и кларинет на професорите Влатко Сампламаев, Александар Лазаров, Душко Лазаров, Соња Панова, Маја Зафирова, Сузана Стефанова и Костадин Издушнов. Со своиоте изведби уште еднаш ја покажаа својата посветеност, љубов и талент кон музиката. Концертот започна со пригоден збор на директорката на Училиштето, Сузана Стефанова, која истакна дека овој есенски концерт претставува уште едно потсетување на значењето на уметноста и музиката во образовниот процес и во културниот живот на градот. Настапите на младите таленти се резултат на нивната посветеност, труд и љубов кон музиката, како и на континуираната поддршка од професорите и родителите.

АКТУЕЛНО

**Усвоен Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија во деветте месеци**

# ПРОДОЛЖУВА ЗГОЛЕМЕНАТА БУЏЕТСКА РЕАЛИЗАЦИЈА

Советот на Општина Гевгелија, на 3. седница, го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година, за период јануари - септември. Од вкупно проектираниот Буџет на Општина Гевгелија за 2025 година, во висина од 868.182.633 денари, реализирани се приходи во висина од 609.204.236 денари или 70,17%, од кои 23.569.780 денари се капитални приходи, а 585.634.456 денари оперативни приходи. Од планираните приходи во Основниот буџет во висина од 459.390.959 денари, реализирани се 79,95% или 367.314.046. Исто така, реализирани се 70,70% или 259.140.695 денари од планираните 366.543.238 денари приходи од дотации, 42,42% или 9.024.414 денари од планираните 21.274.044 денари приходи од донации и 50,45% или 10.582.600 денари од планираните 20.974.392 денари приходи од самофинансирачките активности.

Вкупните расходи во Кварталниот извештај учествуваат со 591.379.886 денари, од кои 150.985.543 денари или 25,53% се капитални расходи, а 150.985.543 денари се тековно оперативни расходи. Во структурата на реализираните расходи на Основниот буџет во висина од 330.456.527 денари, капиталните расходи учествуваат со 143.791.604 денари или 43,51%, а 186.664.923 денари се оперативни расходи. Нереализираните расходи, односно приходи во вкупниот Буџет на Општина Гевгелија од 17.824.350 денари се пренесуваат во наредниот период, како приходи на блок дотација.

Во расправата по Кварталниот извештај за Буџетот за 2025 година, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, се осврна на реализацијата на приходите и расходите во изминатите девет месеци, со акцент на капиталните проекти и намалените обврски кон јавните претпријатија и изведувачите:

- Зголемувањето на приходите се должи на три компоненти: трансфери од други нивоа на власт, поврат на ДДВ, кој е зголемен за 80% како резултат на зголемата стопанска активност, повисоки приходи на данок на имот и наплата на специфични услуги-комуналии. На расходната страна, најголем дел се капиталните расходи,



се наменети за реализација на бројни капитални проекти и притоа е остварен рекорден резултат. Исто така, во овој периодот, значително се намалени обврските за отплата на главницата, особено за водоснабдителниот систем и за доизградбата на училниците во СОУ „Јосиф Јосифовски". Намалени се и доспеаните обврски кон ЈПКД „Комуналец", а тековните обврски кон изведувачи се 23.000.000 денари. Резултатите на приходната и расходната страна, заклучно со овој квартал, се одлични. Верувам дека до крајот на годината, како и во наредната, ќе продолжиме со висок процент на извршување на буџетот и со реализација на сите предвидени програмски активности од интерес на граѓаните - истакна градоначалникот Сарамандов.

## ЗГОЛЕМЕН БУЏЕТ

Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година, од вкупниот износ 868.182.633 денари е зголемен за 6.091.465 денари. Со измените и дополнувањата, усвоени на последната 3. седница на Советот на Општина Гевгелија, вкупниот износ на Буџетот е утврден на 874.274.098 денари. Зголемувањето на Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година уследи по зголемените приходи во Основниот буџет од надоместот за уредување на градежно земјиште.

# ГЕВГЕЛИЈА ДОБИ НОВ МОДЕРЕН И УРБАН ВЛЕЗ

Гевгелија доби нов функционален и модерен влез изграден според најсовремените стандарди. Станува збор за репрезентативен сообраќаен влез, кој овозможува непречен сообраќаен проток и зголемена функционалност. Проект кој доликува на урбаните средини, а особено на град како Гевгелија, кој секојдневно е посетуван од странски туристи. За целосно уредување на влезот на градот во изминатиов период, всушност, беа реализирани четири проекти. Најнапред беше извршена целосна реконструкција на натпатник со дел од булеварот „Гевгелија". Исто така, беше извршена дислокација на одводниот канал „Рауљ" и изграден нов мост кон Мрзенци.

Со изградбата на модерен кружен тек, хортикултурно



уреден и модерно осветлен, заокружен е проектот за влез во градот. Со ова, како и со другите вложувања за урбано уредување на градот од страна на локалната самоуправа, Гевгелија прераснува во град кој забрзано се развива. Бенефитите се повеќестрани, како за локалните жители, така и за бројните гости. Вложувања имаат и сериозен импакт во развојот на економијата, како и подобрување на туристичките потенцијали на градот.

**Заврши доградбата на Детската градинка „Сончогледи“**

# СОЗДАДЕНИ НАЈСОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА 135 ДЕЦА



Во Гевгелија се обезбедени најсовремени услови за згрижување на уште 135 деца од предучилишна возраст со што ќе се задоволат потребите на семејствата во општината за достапна, квалитетна и современа грижа. Во рамките на Детската градинка „Сончогледи“ изграден е модерен објект, извршено е негово целосно опремување со сертифициран инвентар, согласно највисоките стандарди. По изградбата на објектот, беше пристапено кон внатрешното уредување на просториите и занималните. Покрај внатрешното уредување, во дворот на Градинката изградено е модерно детско катче, со што се обезбедени најсовремени услови за безбедна и стимулативна средина за игра и развој на децата.

- Во изминатите две години, во Гевгелија се реализираше овој капитален проект од особено значење за граѓаните, така што Гевгелија не само што доби нов модерен објект туку и современ простор за згрижување на уште 135 деца. Овој инвестициски зафат се реализираше врз основа на добрата соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади и локалната самоуправа. Имено, по склучениот договор, обврска на Министерството беше изградбата на објекот, а на Општина Гевгелија внатрешното уредување и опремување, како и надворешното уредување. Сите овие активности се завршени и се создадени сите услови градинката да ги отвори вратите за најмалите, обезбедувајќи современи услови за нивна грижа и развој, истакна при посетата на Детската градинка „Сончогледи, градоначалникот на Општина Гевгелија, Андон Сарамандов.

Според директорката на ЈОУДГ„Детска радост“ Митра Митревска со реализацијата на овој проект во Гевгелија се создадени услови за згрижување на дополнителен број на деца и задоволување на моменталните потреби. Обезбедени се најсовремени услови според светските стандарди и сертифицираните параметри за згрижување на децата. И тоа, не само во внатрешниот дел од градинката, туку и во дворниот простор, така што грижата и рекреацијата на децата ќе бидат значително подобрени.

**Подобрување на патната инфраструктура**

# ИЗГРАДЕНА ВЛЕЗНАТА УЛИЦА ВО „КАСАРНА“



Во Урбан блок 5 „Касарна“ во Гевгелија е комплетирана изградбата и асфалтирањето на влезната улица „Новопланирана сервисна 2“. Со реализацијата на овој проект успешно беше исполнето уште едно од приоритетните барања на жителите во овој дел од градот, од страна на локалната самоуправа. Бидејќи во „Касарна“ никнува една нова и урбана станбена средина.

Новата улица значително го олеснува пристапот до домовите, создавајќи побезбедна и поорганизирана сообраќајна врска. Но, и до спортско-рекреативниот центар „Касарна“, што се наоѓа во непосредна близина. Оваа инвестиција, покрај зголемената функционалност, придонесува и за визуелно освежување на просторот, внесувајќи ред и динамика во целокупниот урбан амбиент.

# ИЗГРАДБА НА УЛИЦАТА „НОВОПЛАНИРАНА 7“



Започнаа изведбените градежни работи за пробивање, отворање и целосна изградба на улицата „Новопланирана 7“, во Урбан блок 3. Станува збор за отворање на нова сообраќајна врска во централното градско подрачје. Новата улица претставува продолжување на улицата „Гоце Делчев“, кое ќе овозможи директно поврзување со улицата „7 Ноември“, во близина на ЈПКД „Комуналец“ и Факултетот за туризам и бизнис логистика.

По пробивањето на улицата, се пристапи кон поставување на комплетна комунална инфраструктура за канализирање на отпадни и атмосферски води. По што ќе уследи тампонирање и асфалтирање, како и уредување на тротоар на јужната страна од улицата. Проектот е од особено сообраќајно значење за градот, бидејќи овозможува подобра поврзаност и побезбедно одвивање на сообраќајот во овој дел на Гевгелија, каде што се наоѓаат неколку јавни установи, училиште, болница и детска градинка.

# ЗАВРШЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛИЦАТА „АТАНАС ЃУРОВ“ ВО ПРДЕЈЦИ



Заврши реконструкцијата на улицата „Атанас Ѓуров“ во населеното место Прдејци. Целосно е уредена влезната улица, на потегот од влезот на регионалниот пат до Младинскиот дом, во должина од 500 метри. Со реконструкцијата е исполнето уште едно барање на жителите во ова населено место за полесно извршување на нивните секојдневни потреби.

Зафатот ја подобрува сообраќајната инфраструктура и претставува безбедно и современо сообраќајно решение. Градежните активности опфатија поставување БНС асфалтен слој на долниот строј, нивелација на шахтите и завршно асфалтирање со асфалт-бетон.

# РЕКОНСТРУИРАНА УЛИЦАТА „ИВАН МАРКОВ БРАТОТ“ ВО БОГОРОДИЦА



По долги години, во Богородица целосно е реконструирана улицата„Иван Марков Братот“ со што ова населено место добива нова и фунционална патна инфраструктура. Станува збор за една од најфреквентните сообраќајници во Богородица. Со завршувањето на сите работни активности оваа улица ќе претставува функционално сообраќајно решение за сите жители на Богородица, но и за посетителите од страна.

На улицата, во должина од 800 метри, најпрво, е извршена реконструкција на долниот строј на улицата, по што следуваше подобрување со БНС асфалтна подлога и асфалтирање на коловозот со завршен АБ слој. Во тек е нивелација на шахтите, со што согласно проектот, реконструкцијата на оваа улица ќе биде целосно завршена.

# АСФАЛТИРАНА УЛИЦАТА „АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ“ ВО ДАВИДОВО



Заврши асфалтирањето на главната улица„Александар Македонски“ во населеното место Давидово, како дел од планираните активности на Општина Гевгелија во 2025 година. Улицата во должина од 500 метри е покриена со нова асфалтна подлога. Новото асфалтирање го олеснува пристапот до централните делови на населбата и придонесува за подобра поврзаност и безбедност на сообраќајот.

Жителите на Давидово не го кријат задоволството од асфлатирањето на главната улица во селото. Бидејќи, оваа улица претставува важна артерија за секојдневниот живот на ова населено место.

# УРЕДЕН НОВ УРБАН ПАРК ВО МИРАВЦИ



Миравци доби нов урбан парк, на површина од 2.500 $м^2$, која е партерно и хортикултурно уредена. Изградени се пешачки патеки, поставено модерно осветлување и урбана опрема за одмор и рекреација. Со изградбата на паркот, миравчани добија уредена рекреативна содржина за одмор, дружење и рекреација. Имено, изминатиов период, на истата локација беше изграден кошаркарски терен со модерна тартан подлога. По барање, пак, на граѓаните беше извршена и реконструкција со асфалтна подлога на стариот фудбалски терен и негово соодветно обележување.

Спортско-рекреативниот простор во Миравци, на површина од 8.000 $м^2$, ќе се уреди во голем рекреативен комплекс со дополнителни зафати. Предвидена е изградба на фудбалско игралиште со вештачка трева, ново детско катче и фитнес зона. На тој начин значително ќе се подобрат урбаните услови за спорт и рекреација посебно на младите жители во ова населено место.

# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТАРОТО УЧИЛИШТЕ ВО СЕРМЕНИН



Во населеното место Серменин, започна реализацијата на проектот „Балкански алтернативни мобилни рути за одржлив туризам во сите сезони- „Балкан Вело“ преку ИПА-ППС 2021-2027. Со проектот е предвидена целосна реконструкција на старото училиште во ова населено место и изградба на нова еко вело патека. Општина Гевгелија проектот го реализира во соработка со Општина Разлог од Бугарија. Старото училиште, кое со години беше запоставено, по завршувањето на проектот, ќе добие целосно нов лик.

Објектот обновен и внатрешно опремен, ќе биде ставен во функција како модерен простор за активностите на граѓаните, здруженијата и организациите. Очекувањата се тој да служи како место за културни, едукативни и туристички настани, со што ќе го збогати животот во Серменин. Вело патеката, во вкупна должина од 1.005 метри, ќе започнува од старото школо и ќе се протега до манастирот „Св. Илија“. Со изградбата на патеката ќе се обезбедат нови можности за рекреација и развој на туризмот во подножјето на Кожуф планина. Реализацијата на целиот проект ќе чини 308.767.04 евра, кои средства се обезбедени од ЕУ преку „Интеррег ИПА програмата 2021-2027“.

# ПЕТ НОВИ СТИПЕНДИИ




И годинава, Општина Гевгелија ќе додели 5 стипендии на студенти запишани во прва година на Медицинските факултети во Република Македонија - отсек Општа медицина, за академската 2025/2026 година. Одлуката за доделување на стипендиите ја донесе Советот на Општина Гевгелија, на својата 3. седница, како дел од мерките за поддршка на младите и за стимулирање на образованието во здравствената област.

За таа цел, Општина Гевгелија ќе распише Јавен конкурс за доделување на стипендиите. По спроведувањето на конкурсот и изборот на добитниците, согласно критериумите утврдени во правилникот, на пет студенти ќе им се исплаќаат по 6.000 денари месечно за период од 10 месеци во академската година. Со доделувањето на нови пет стипендии на студентите ќе им се овозможи континуирана финансиска поддршка за успешно следење на студиите.

**Во ООУ„Крсте Мисирков“**

# ПОДОБРЕНИ УСЛОВИТЕ ЗА СПОРТ И КАБИНЕТСКА НАСТАВА ПО ИНФОРМАТИКА

Во ООУ „Крсте Мисирков“ во Гевгелија завршија активностите за реконструкција на дел од спортската сала, соблекувалните и кабинетот по информатика, со што значително се подобрени условите за настава. Во рамки на реконструкцијата на спортската сала извршено е целосно поплочување и уредување на машката и женската соблекувална и ходникот, поставена е нова санитарна опрема во тоалетите и туш кабините. Исто така, е извршена замена на електричната инсталација со ново модерно осветлување.

Покрај ова, во спортската сала, соблекувалните и кабинетот по информатика извршена е замена на старите и поставени се нови прозорци, врати и ПВЦ ламперија, со што просториите добија современ и уреден изглед. Дополнително, спортската сала е дезинфицирана и бојадисана, со што е обезбедена побезбедна и пофунк-ционална настава по спорт и спортски активности. Во кабинетот по информатика, покрај замената на стола-ријата и поставената ПВЦ ламперија, обезбедена е и нова информатичка опрема, со што просторот е целосно прилагоден на современите стандарди за изведување кабинетска настава и развој на дигитални вештини кај учениците.



Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, при увидот во ООУ „Крсте Мисирков“, заедно со директорот Ѓорги Стамков, истакна дека реализира-ните зафати придонесуваат за подобрување на условите во оваа образовна средина за престој и настава на учениците. Притоа, нагласи дека ваквите инвестиции се дел од континуираната заложба на Општина Гевгелија за унапредување на образовната инфраструктура и создавање на современи училишни простори.

КУЛТУРА

Гевгелија - Град на култура 2025

# ИЗОБИЛСТВО ОД РАЗНОВИДНИ И ИНТЕРЕСНИ КУЛТУРНИ НАСТАНИ

Гевгелија во изминативе десет месеци преставуваше вистинска културна престолнина во земјата. Во рамките на манифестацијата „Гевгелија град на културата 2025“ беа одржани 122 разновидни културни настани. А, тоа значи дека секој втор ден гевгеличани и гостите имаа можност да присуствуваат и уживаат во музички концерти, театарски претстави, ликовни изложби, книжевни средби и други културни манифестации. Досега, за време на манифестацијата биле одржани 32 музички концерти, 8 фолклорни настани, биле изведени 14 театарски претстави, отворени 26 ликовни изложби, организирани 10 книжевни средби и промоции на книги, како и други филмски, сценско-уметнички и интердисциплинарни настани.

Станува збор за настани, кои значително придонесоа Гевгелија да биде центарот на културните случувања и тоа за најразличните културни вкусови. Почнувајќи од Концертот на Националниот џез оркестар, со кој официјално беше отворена манифестацијата, гостувањето на Македонската филхармонија, под диригентската палка на Анна Кондратенко, па, сѐ до бројни театарски претстави, Концертот на култната гевгелиска и македонска група „Зијан“, на мешовитиот Градски хор „Гортинија“. Секако, и традиционалниот фестивал „Вкуси го југот“, кој ја брендира Гевгелија како културна и гастрономска дестинација.



Преостанатите месеци ќе бидат исполнети, исто така, со интересни и репрезентативни настапи и претставувања на националните институции, локалните културни установи и здруженијата на граѓани. Се очекуваат нови музички концерти, театарски претстави и ликовни изложби, како и интересни мултидисциплинарни настани. Гевгелиската публика и бројните гости, за време на манифестацијата „Гевгелија град на културата 2025“ имаше можност да ги проследи најдобрите претставувања на врвните национални институции во земјата. Но, и многу други манифестации и проекти, кои предизвикаа посебен интерес кај публиката.

# ГЕВГЕЛИЈА МУ ОДДАДЕ ПРИЗНАНИЕ НА КОМПОЗИТОРОТ Д-Р ТОМЕ МАНЧЕВ

Во рамки на манифестацијата „Гевгелија град на културата 2025“, во Гевгелија беше одржан Концерт посветен на творештвото на еден од најзначајните македонски композитори и професори - д-р Томе Манчев. Со оваа ретроспективна музичка манифестација, родниот град на Томе Манчев му оддаде почит и признание за непроценливото културно наследство. Пред сѐ, неговото музичко творештво, кое значително ја збогати македонската класична музика, но и ја афирмира Гевгелија, од која Манчев ги црпеше своите инспирации. Публиката во салата на хотелот „Аполонија“ имаше ретка можност да ужива во богато-то музичко творештвото на нивниот сограѓанин.

Во прв ред, изведбата на неговите најрепрезентативни камерни дела - „Санаториумска балада“ (1974/75), Соната „Ламентозо“ (1989), „Два става“ (1976), „ДД...“ (2002), „Монолог и дијалог“ (2002/03) и „Интрада и капричо“ (1998/99). Почнувајќи од неговите рани експерименталните фази на творештво, па сѐ до зрелата и продлабочена музичка мисла. Благодарејќи, се разбира, на извонредните изведби на врвните македонски музичари: Ангела Андовска (сопран), Горан Начевски (баритон), Јана Каевска (флејта), Здравко Ангелов (кларинет), Марјан Милошевски (фагот), Мартин Димитров (виолина), Маја Михајловска (виолончело), како и пијанистките Елена Атанасовска Ивановска и Ивона Базгалоска.

Томе Манчев, по завршувањето на гимназијата, најнапред дипломирал на Наставно-теоретскиот, а потоа и



на Композиторскиот оддел на тогашната Висо-ка музичка школа во Скопје, во класата на академик проф. Властимир Николовски. Своето образование го надополнувал на бројни семинари и курсеви во Грожњан (Хрватска) и Олштин (Полска). Од 1980 до 1981 година специјализирал Композиција во Прага, во класата на Јиржи Дворжачек, а во следните години ги завршил највисоките студии на Прашкиот музички факултет - Уметничка аспирантура. Во 1999 година, го стекнал својот втор докторат, овојпат на Државната академија „Панче Владигеров“ во Софија, со докторската дисертација „Движењето-суштински елемент во симфониското творештво“. Паралелно со творечката дејност, Манчев бил истакнат педагог на МБУЦ „Илија Николовски- Луј“ и Факултетот за музичка уметност во Скопје, каде што воспитувал генерации композитори и предавал предмети како оркестрација, техники на компонирање на XX век и анализа на музичко дело.

# ФЕСТИВАЛОТ „ВКУСИ ГО ЈУГОТ“ ЈА АФИРМИРА КУЛТУРНАТА ТРАДИЦИЈА И ГАСТРОНОМИЈА

Гевгелија ја отвори не само границата, туку и својата душа, пречекувајќи илјадници посетители на Третото издание на културно - гастрономскиот Фестивал„Вкуси го југот“. Годинава, овој сѐ поинтересен културен настан, одржан во рамки на манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025“, придонесе за збогатување на културниот дух и привлекување нови гости под ова поднебје. Всушност, тоа е и основната цел на Стратегијата на Општина Гевгелија за развој на културниот туризам преку платформата „Spice Up the Tourist“. Пред сѐ, да понуди автентични искуства, да ја промовира локалната култура и да ја збогати туристичката понуда со квалитетна програма и автентична гастрономија. Фестивалот во текот на три дена тоа го постигна преку настапот на исклучиво македонски уметници и изведувачи, од традиционални ансамбли до најпознатите поп и рок изведувачи.

- Вкуси го југот“ во 2025 година веќе се етаблира како значајна културна и туристичка атракција во Македонија. За поздрав е тоа што настанот, не само што ја почитува културата и традицијата туку и тоа што ја почитува исклучително македонската сцена. Ваквата организација на настани, вложувањето во културните вредности и ценење на културните работници ја оправдува дадената доверба од страна на Министерството за култура и туризам Гевгелија да биде Град на културата за 2025 година, зашто навистина тоа е.., истакна на министерот за култура и туризам, Зоран Љутков, прогласувајќи го Фестивалот за отворен.

Покрај спектакуларниот настап на легендарната група „Меморија“, етно - бендот „Љубојна“, како и енергичниот настап на пејачката Дани, на Фестивалот



продефилираа: Антониа Гиговска, Андријана Јаневска и Огнен Здравковски, гевгелис-ката група „Panta Rei” и гевгелиските пеачи Оливера Станковска и Филип Ангов. Фолклорните друштва „Танец“, „Негорци“, „Бојмија“, „Браќа Толеви“, потоа, Детскиот музички фестивал „Калинка“, Танцовото студио „Мистик“ и standup изведувачот Дејан Малзарков, приредувајќи незаборавно музичко - сценско доживување. Посебен гастрономски момент на манифестацијата беше демонстрацијата на традиционалното печење мастика на гевгелиски начин, подготвувањето на домашно слатко од смокви во рамките на „Смоквијадата“, како и подготвувањето на гевгелиски пинџур, кои предизвикаа посебно внимание кај посетителите. Со свои штандови на Фестивалот учествуваа познати гевгелиски прехранбени производители, локални угостители и ракотворци. За време на фестивалот гостите имаа можност да направат тест-возења на најновите модели на Great Wall Macedonia.

# „АРТ УМ“ ФЕСТИВАЛ 2025 ВО СОВРЕМЕН КУЛТУРЕН РИТАМ

Второто издание на Мултимедијалниот фестивал „АРТ УМ“ ја претвори Гевгелија во сцена каде музиката, технологијата и визуелната уметност се испреплетеа во нов културен јазик. Здружението „АРТ УМ 023“, во рамките на манифестацијата „Гевгелија град на култура 2025“, ја редефинираше улогата на градот како културен центар. Во училницата на отворено, на платото пред Домот на култура „Македонија“, Vince Watson, светски познат британски продуцент и ди-џеј, ја претвори сцената во лабораторија за звук. Младите уметници и љубители на продукција имаа ретка можност да слушнат и да видат како се гради креативен процес одвнатре. Ристо Раданлиев- Risto Inovates, презентираше сопствена линија на модуларни уреди, нагласувакјќи дека културниот развој не значи само изведби, туку и вклучување на технологијата и експериментот во локалната сцена. Во галеријата на Народниот театарот, Иван Кал’чев ја отвори својата изложба, со која ја претстави моќта на визуелниот јазик. Потоа, Фестивалот се пресели во рекреативниот парк „Динќут“, кој беше реинтерпретиран како културна




сцена. Настапите започнаа со локалните диџеи од„АРТ УМ“, најголемата енергија ја донесоа домашни диџеи Herzel и Виктор Апостолски, а кулминација предизвика Vince Watson, кој овојпат настапи како артист во полн замав. Ице Капсаров со својата светлосна инсталација го трансформираше просторот на „Динќут“ и наместо со класична сценографија, публиката беше опкружена со светло и сенки што се движеа заедно со музиката. Инсталацијата покажа дека мултимедијалниот пристап е суштината на „АРТ УМ“ и дека Гевгелија е отворена за нови, неконвенционални форми на уметност.

**Културна хроника**

# ПРВО МЕСТО ЗА ГРАДСКИОТ МЕШАН ХОР „ГОРТИНИЈА“



Градскиот мешан хор „Гортинија“ од Гевгелија, под раководство на диригентот, м-р Илија Атанасов, го освои првото место во категоријата А1- Мешани камерни хорови на Осмото издание на Меѓународниот фестивал на камерни хорови „Астибо-Фест 2025“. Хорот пред штипската публика се претстави со традиционални и современи композиции, со што ја демонстрира својата вокална зрелост, интерпретативна моќ и висок професионализам. Овој престижен фестивал ги собра на една сцена во Штип врвните хорови и вокални ансамбли од Македонија, Србија и Бугарија, Детскиот хор „Родна песен“ од Перник- Р. Бугарија, Академскиот хор „Мирче Ацев“ од Скопје, Машкиот вокален состав „Канон“ од Крагуевац- Р. Србија, Интернационалниот хор „Singers United“ од Белград- Р. Србија, како и домаќинот- Градскиот камерен хор „Астибо“ од Штип.

# 25 ГОДИНИ НА ЗКУД „НЕГОРЦИ“




ЗКУД „Негорци“ го одбележа својот 25-годишниот јубилеј со голем концерт во Негорци. На концертот беше презентирана богатата палета на македонски народни песни и ора, кои се втемелени во долгогодишната работа на Ансамблот. Покрај ЗКУД „Негорци“, во чест на јубилејот, на концертот настапија и пријателите- фолкорни друштва од земјата и странство. ФА „Традиција“ од Трстеник се претставија со ора и песни од Србија и Македонија, со кои се потврдуваат мостовите на културна размена. Исто така, на јубилејниот концерт настапија и КУД „Браќа Толеви“- Прдејци, КУД „Бранд Петрушев“- Богданци и Фолклорната секција „Богородица“, кои се покажаа како активни учесници во промоцијата на традиционалната култура во Македонија и пошироко.

# НАГРАДИ ЗА ФИЛМОТ „ЛАЗАРЕНКИ“ НА ДОМОТ НА КУЛТУРА ГЕВГЕЛИЈА.




На 54. Државен фестивал за непрофесионален филм на Македонија- ДФНФ 2025, што се одржа во Виница, во организација на Кино сојуз на Македонија и Народна техника на Македонија, а со поддршка на Агенција за филм на Македонија и Општина Виница, беа прикажани 41 аматерски филм во повеќе категории. Од прикажаните документарни филмови, кратки играни, анимирани, експериментални и едноминутни филмовиен 12 беа наградени со златни, сребрени плакети и главната награда „Гран При“. Етнокореолошката дејност при ЈОУ Дом на култура „Македонија“ учествуваше со два проекти: Филмската реконструкција „Лазаренки, реликвија на етничкиот предел Бојмија“, во категорија документарен филм и Арт филмот „Огледало“, во категорија експериментален филм. Филмската реконструкција „Лазаренки“ се закити со две награди, една авторска награда за камера на Васко Трајков, а втората награда е главната „Гранд При“ од страна на стручно жири од Кино Сојуз на Македонија.

NOVEMBAR RUN 2025

# АТЛЕТСКИ СПЕКТАКЛ ЗА ПАМЕТЕЊЕ

*- На трката учествуваа над 3.000 атлетичари од четиринаесет земји, кои заедно со одличната организација и поддршка од граѓаните, придонесоа Гевгелија да се вброи меѓу европските атлетски метрополи*




Гевгелија два дена наликуваше на вистинска европска атлетска метропола. На Петтата по ред атлетска трка „Novembar run 2025" учествуваа над 3.000 атлетичари од четиринаесет земји (Македонија, Грција, Бугарија, Косово, Србија, Албанија, Хрватска, Босна, Турција, Финска, Португалија, Германија, Кенија и Мароко). Гевгелиската публика и бројните гости уживаа во настапот на 800 најмлади атлетичари, 900 лица и нивните придружници во трката на инклузивноста „Run together 2025", како и 1.300 атлетичари на главниот настан - трките на 5 и на 10 км., во машка и во женска конкуренција.

Многу атлетичари, меѓу кои и национални рекордери, олимпијци и европски шампиони, го оценија овој спортски настан како еден од најквалитетните во регионот. Македонскиот маратонец, Игор Јакимовски, кој учествуваше и годинава, ги сумираше впечатоците:

- „November Run Gevgelija 2025" треба да биде запишана како историски најдобра улична атлетска трка. Постигнати се два национални рекорди на Греса Бакрачи (Косово) и Елзан Бибиќ (Србија), кои ќе бидат запишани во нивните национални федерации. Постигнати се три рекорди на патеката на 5 км. жени и 10 км. мажи и жени. За првпат, во Македонија два врвни атлетски резултати на 10 км., мажи под 29 минути – 28.45 и жени под 33 минути – 32.51. Врвна атлетска стартна линија од цел Балкан и пошироко, успешно реализирани детска и хумана трка со неколку стотини учесници. Беспрекорна организација, соршено уредени, исчистени и подготвени улици за трчање со врвно обезбедени критични места од МВР и обезбедувањето. Публика долж целата патека од срце ги бодреше тркачите, а волонтерите љубезни, вредни и подготвени. Неверојатен финишер медал, на рангот од најго-лемите светски маратони, па и подобар од нив. Забава долж целата патека додека се гине за подобар резултат – станици за вода, музика, дружби, среќни лица, експо, прекрасна финиш зона, промоции, позитива...

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, со поддршка и признание за организацијата и за сите учесници, истакна:

- Спортски настан преку кој изминатите години Гевгелија се афирмираше како град на атлетиката. Изразувам честитки до организаторите и до сите кои се вклучени во овогодинешното издание на 'November Run' и 'Run Together', посебно, до Фондацијата „Ице Бегов" и АК „7 Ноември".




Додека пак на крајот од трката, АК „7 Ноември" упати благодарница до сите учесници, волонтери и гости:

- Ви благодариме на сите што бевте дел од ова јубилејно, 5. издание на трката „November Run Gevgelija". 3.000 учесници трчаа во сончевата Гевгелија. Беа срушени 3 од 4 рекорди на патеката, а беа поставени и 2 национални рекорди - на 10 км. за Србија од Елзан Бибиќ и на 5 км. за Косово од Греса Бакрачи. Честитки за сите учесници.

## ЕЛЗАН БИБИЌ СО НОВ РЕКОРД

Елзан Бибиќ од Србија го освои првото место на трката на 10 км., со нов рекорд на патеката од 28 минути и 45 секунди, второто место го освои Мохамед ел Газуани од Мароко, додека трет беше Хилари Кимајо од Кенија. Од македонските атлетичари, најбрз беше Александар Арсов (седмото место), а најбрз гевгеличанец беше Стеван Ѓошев. Во женска конкуренција на 10 км. доминираа атлетичарките од Кенија, прва со време од 36 мин. и 11 сек. беше Валентин Жебе, пред Челангат Санг и Бугарката Маринела Нинева. Најдобра Македонка беше Адријана Поп Арсова од АК „Делта 3" (четврто место), а најдобро пласирана гевгеличанка беше Марија Пеликон од АК „7 Ноември" (десетто место).

На 5 км. првото место со време од 15 мин. и 1 сек го освои Бернард Кипротич од Кенија, втор беше Урош Гутиќ од БИХ, а трет Атанас Куцаров од Бугарија. Грегоријан Никовски од АК „Делта" беше најдобропласиран македонски атлетичар (четврто место), а Влатко Семенаков од АК „7 Ноември" беше најдобриот гевгелиски атлетичар (единаесетто место). Во женска конкуренција, победи Греса Бакрачи од Косово (16 мин. и 56 сек.), пред Росе Јепчумба од Кенија и Македонката Ирма Хајдари (трето место). Најдобропласирана гевгеличанка беше Наташа Демирџиева, која го освои седмото место.

## НАД 800 МЛАДИ ТРКАЧИ

Во возбудливата детска трка, во категорија 2011-2014 - девојчиња, првото место го освои Ана Бегова (2014) време од 3 мин. и 53 сек., второто место ѝ припадна на Клара Дуева (2013) додека третото место го зазеде Стефани Попѓорѓиева (2012). Кај момчињата, првото место го освои Максим Ангов (2013) со време од 3 мин. и 19 сек., второто место му припадна на Ѓорѓе Папучиев (2013), додека трет беше Ристе Јовановски (2013). Во детската трката за родените 2015-2016, кај девојчињата првото место го освои Каја Алексовска од „Делта" (2016) со време од 4 мин. и 14 сек., второто ѝ припадна на Ива Петровска (2015), а трета беше Вера Ѓуров (2015). Кај момчињата, првото место го освои Томче Петков (2016) со време од 3 мин. и 40 сек., второто Јован Лазаревски (2016), а трет беше Тома Ќаев (2016). Во трката за најмладите учесници (категорија 2017 и помали), кај девојчињата првото место го освои Јоана Петкова (2017) со врме од 4 мин. и 23 сек., второто ѝ припадна на Илина Ѓорѓиевска (2018), а трета беше Пепика Дебникова (2017). Кај момчињата, првото место го освои Матеј Каров (2018) со време од 3 мин. и 57 сек., второто Борис Николов (2017), додека третото место го зазеде Филип Стафилов (2017).

## „RUN TOGETHER 2025" – ТРКА НА ХУМАНОСТА



Првиот ден од атлетската трка „November Run 2025" во Гевгелија, се одржа традиционалната инклузивна хуманитарна ненатпреварувачка трка „Run Together". На инклузивната трка учествуваа над 900 учесници - лица со попреченост со своите родители и најблиски од цела Македонија, професори и ученици, како и членови на Здруженија на лица со попреченост. Поддршка на настанот даде и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, кој учествуваше во трката заедно со своето семејство.

- „Run Together" е трка што ги менува животите – момент кога лицата со телесна и друга попреченост конечно се чувствуваат еднакви, кога заедно со своите соученици и пријатели трчаат, се смеат и победуваат, рече на стартот на трката, Елена Бегова, мајката на Ице Бегов, момчето кое поседуваше посебна енергија, добрина и милозливост. Токму во негова чест Фондацијата „Ице Бегов"- Скопје во соработка со АК „7 Ноември"- Гевгелија, ја организират оваа трка. По инклузивната трка, следуваа детските трки, во кои трчаа 800 најмлади љубители на атлетиката, носејќи радост и енергија по улиците на Гевгелија.



## ОДЛИЧНИ РЕЗУЛТАТИ НА ДОМАШНИТЕ АТЛЕТИЧАРИ

Во рамки на „November Run 2025" беше одржано и Националното првенство на Македонија (улична трка на 10 км.), на кое домашните атлетичари покажаа одлични резултати. Во женска конкуренција, клубот „Делта" беше најуспешен, а титулата национална шампионка ја освои Адријана Поп Арсова, која дистанцата ја истрча за 00:36:10. Второ место освои Миљана Ристиќ со време 00:38:07, додека третопласирана беше Марина Домазетовска, со време 00:44:25. Во машка категорија, првото место и титулата национален шампион му припадна на Александар Арсов од „Делта", со време 00:33:02, на второто место беше Жан Тосев од АК Струмица, со резултат од 00:33:20, а трет беше Бојан Чаприќ од „Делта", со време 00:33:37.

Во рамки на тимското рангирање на женската трка на 10 километри, најдобри резултати постигнаа InstaRun со вкупно време од 03:18:20, второпласиран беше АК „7 Ноември", додека третопласирана беше екипата на Fit In. Во тимското рангирање на 10 километри - машка категорија, првото место го освои тимот Делта со вкупно време од 2:17:30, второто место му припадна на АК Атомик, а трета беше екипата на АК Скопски Маратон. Во групно рангирање на 5 км.- женска категорија, првото место го освои АК Атомик со вкупно време од 01:28:33, второто му припадна на АК „7 Ноември", а третото место го зазеде BFit. Во трката на 5 км. машки, првото место го освои Ускана од 01:11:26, второто место АК „7 Ноември", додека третото место го зазеде АК „Борец".

**Недела на детето**

# КОНЦЕРТ СО НАД 150 УЧЕНИЧКИ ГЛАСА



Неделата на детето во Гевгелија беше одбележана со голем концерт на над 150 деца, кој претставуваше спој на гласови во хармонична симфонија. Градскиот детски хор „Божилак“ и хоровите на гевгелиските училишта „Владо Кантарџиев“ и „Крсте Мисирков“ низ песна ја пренесоа пораката дека детските права се важни, исполнувајќи ја салата во Народниот театар со радост и живост. Под менторство на наставниците м-р Илија Атанасов, Крсте Делев и Горан Лазаров, децата со секој тон покажаа талент и посветеност, создавајќи празнична атмосфера и изведби кои ги воодушеви присутните. Концертот покажа дека ваквите настани се повеќе од музика, тие се прослава на младинската креативност, соработка и љубов кон култу-рата. Настанот, што го организира ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија, ја истакна улогата на културата како простор за развивање таленти, учество на младите и уживање во уметничките активности. Со овој концерт, градот ја потврди визијата за активно вклучување на најмладите во културниот живот, поттикнување на нивните способности и збогатување на локалната културна сцена со активности кои ги слават детството и музиката.

# „БОИТЕ НА СРЕЌАТА“ НА ДЕТСКИТЕ ПЛАТНА



По повод Неделата на детето, во ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“ во Гевгелија, се одржа Ликовната работилница на тема „Боите на среќата“. Под менторство на м-р по уметности и раководител на Ликовната секција при ЈОУ Пионерски дом, Александар Јанев, ученици од ООУ „Крсте Мисирков“ и ООУ „Владо Кантарџиев“ ги претворија своите детски мисли во шарени приказни. Со голема љубопитност и креативност, децата преку бојата зборуваа за среќата-како ја чувствуваат, каде ја наоѓаат и што за нив значи таа.

Нацртаните слики, едноставни и искрени, ја пренесоа детската визија за радоста, пријателството и љубовта кон светот. Преку своите творби, најмладите потсетија дека среќата често се крие во наједноставните нешта - во насмевка, во игра, во моментот што ги спојува луѓето. Оваа активност ги вклучува најмладите како рамноправни учесници во културниот живот на градот и ја нагласува важноста на детските права- правото на изразување, игра, учество и креативност. Преку уметничкото создавање, децата имаат можност да ја искажат својата визија за светот, да учат преку искуство и да се чувствуваат вреднувани и слушнати.

# БРОНЗА ЗА ЛЕОНИД ЦУКЛЕВ НА БАЛКАНСКА ОЛИМПИЈАДА ПО ИНФОРМАТИКА



Македонските средношколци информатичари забележаа голем успех на 32. Балканска олимпијада по информатика (БОИ 2025), која се одржа во Удине, Италија. Тие освоија еден златен медал, два бронзени медала и една олимписка пофалба. Тимот на Македонија на овој реномиран меѓународен натпревар во програмирање го сочинуваа учениците Леонид Цуклев од Гевгелија, Дамјан Давков од Штип, Виктор Максимоски од Гостивар и Владимир Грчев од Кочани. Младите информатичари од Македонија, предводени од лидерите, д-р Емил Станков и Благојче Павлески од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ), покажаа дека се најдобри на Балканот.

Во силна конкуренција, златниот медал за Македонија го освои Дамјан Давков, додека бронзените медали ги освоија Владимир Грчев и Леонид Цуклев. Четвртиот натпреварувач, Виктор Максимоски, исто така, доби признание, олимписка пофалба. Ова е уште едно големо признание за младиот средношколец од Гевгелија.

# КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА „ГЕВГЕЛИЈА ГРАД НА СИТЕ“



НУ Музеј - Гевгелија во соработка со СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, во рамки на манифестацијата „Гевгелија град на културата 2025“, организираше Креативно-едукативна работилница под мотото „Гевгелија град на сите“. Настанот се одржа во Уметничката галерија „Амам“ и во просториите на СОУ „Јосиф Јосифовски“, создавајќи инспиративна средина за младите учесници да истражуваат и креираат, со цел да се запознаат со локалното културно наследство и неговата важност за идентитетот на градот.

Работилницата одржана под менторство на м-р Александар Каракабаков, кустос и историчар на уметност и Розета Картова, професор по Ликовно образование, се состоеше од теоретски и практичен дел. Во теоретскиот дел, учесниците имаа можност да се запознаат со значајни примери на движно и недвижно културно наследство во Гевгелија, додека практичниот дел им овозможи да креираат свои дела користејќи различни техники на хартија, инспирирани од локалните историски и уметнички вредности.

# СРЕДНОШКОЛСКИТЕ „ФИЛМАЏИИ“ СО ТРИ ФИЛМА ОСВОИЈА ЧЕТИРИ НАГРАДИ

На 54. Државен фестивал на непрофесионален филм на Македонија, во организација на Кино сојузот на Македонија и Народна техника на Македонија, што се одржа во Виница, СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија учествуваше со три филма создадени во рамките на Erasmus+ проектот CLOSE – Inclusive Learning Environments and Social-Emotional Learning through Cinema (н°2022-1-IT02-KA220-SCH-000087041). Во конкуренција од 41 филм, средношколските филмаџии од Гевгелија освоија четири награди. Прво место и златен медал за филмот „Кога гневот нема да стивне“, под менторство на професорите Даниела Цишева, Тони Аврамов и Маја Проданова, како и Златен медал за најдобра режија за истиот филм;

Трето место и бронзен медал освои филмот „Мишко, Ленче и пријателите“, под менторство на Даниела Цишева и Тони Аврамов, додека второ место и сребрен медал во категоријата на експериментален филм за „Стоп“, под менторство на професорот Стефче Стефанов. Проектот CLOSE ги промовира филмот и аудиовизуелното раскажување како педагошки јазик за развој на емоционалната интелигенција, емпатијата и инклузивните вредности кај учениците и наставниците, преку создавање на Кинокит (Kinokit) и Цинемалабс (CinemaLabs) за учење преку искуство и соработка.



**Промоции**

# „ОДБЛЕСОЦИ НА СОНОТ“ - ЗБИРКА НА НАГРАДЕНИ ТВОРБИ

Во Гевгелија беше промовирана збирката „Одблесоци на сонот“ со наградени творби од учениците во основните и средното училиште во општина Гевгелија. Поточно, збирката ги содржи наградените книжевни форми од учениците во гевгелиските основни и средното училиште, како и дела создадени во рамки на Работилниците за креативно пишување, реализирани од ЈОУ Библиотека “Гоце Делчев” - Гевгелија, во периодот од 2022 до 2024 година. Во збирката се застапени вкупно 36 книжевни творби од 30 ученика, од кои 8 се наградени есеи и 8 наградени раскази на Литературниот конкурс по повод „Месец на книгата“. Дополнително, во изданието се вклучени и 20 раскази создадени на 1. и 2. Работилница за креативно пишување за учениците од основните и средното училиште во Гевгелија.



Автори застапени во збирката се: Ирина Прошева, Виолета Чугунцалиева, Весна Папучиева, Ѓорги Нoваковски, Ангела Сачанова, Тијана Атанасова, Бранко Проданов, Ирина Алчинова, Марија Јанчева, Сани Петкова, Костадин Узунов, Александра Полизоева, Ристе Аврамчев, Ана Урумова, Стефан Милиќевиќ, Грегор Јанчев, Георгина Ризова, Софија Сарамандова, Мирјана Тодорова, Антонија Крстова, Марија Николова, Јована Ѓореска, Бојана Басова, Анастасија Атанасова, Викторија Јованова, Калин Узунов, Магдалена Стамкова, Ана Димитрова, Јована Дупарова и Мила Зајкова. На промоцијата во Угостителската сала на СОУ „Јосиф Јосифовски“, директорот на Библиотеката, Стефан Марковски, како и наставничките Елизабета Инадеска - Ефремова од ООУ „Владо Кантарџиев“ и Мери Олумчева од ООУ „Крсте Мисирков“ ја истакнаа важноста на континуираната поддршка на младите автори и на создавањето простор каде учениците можат слободно да ја изразат својата имагинација. Со издавањето на оваа збирка, се збогатува современата роднокрајна литература и се создава нов простор за афирмација на млади автори.

# „МНОГУГЛАСИЕ“ - СРЕДНОШКОЛСКА ПОЕТСКА ЗБИРКА

Во Угостителската сала на СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија, се одржа промоција на поетската збирка „Многугласие“, составена од песни на учениците од овој средноучилишен центар. Збирката „Многугласие“ опфаќа 34 поетски творби од 16 ученика на различна преадолесценциска возраст, со различен, но автентичен поетски израз, создадени под менторство на професорите по македонски јазик и литература. Пред бројната публика се претставија авторите: Мила Тунџева, Боркица Ѓорѓиева, Данче Стоименовска, Емилија Ванчева, Валентина Стојанова, Илија Икономов, Марија Трифуновска,



Костадин Узунов, Ана Кундурџиева, Ана Милевска (во интерпретација на Јован Грозданов), Софија Стојанова, Елена Анчева, Михаела Костадинова, Виолета Василева, Весна Папучиева и Ангела Ручкоманова.

- Во оваа малечка, но скапоцена за нас книшка, се најдоа дел од поетските творби на нашите ученици, кои произлезени од битието на нивните емоции, се распостилаат како меко ветување на заумните патишта во трагањето и пронаоѓањето. Како игра, како копнеж, како изживеан момент, како болка, како радост, како неизживеан миг, како очекување, како сон. Збирката потсетува дека во вербата и уметноста се обединуваме како целост - недвосмислие на неподелена поетска преокупација. Ова нека биде мотивација и поттик за едно скалило погоре кон ваквата целстои во рецензијата на уредничката и професорката Жаклина Атанасова.

# STREET DANCE ВО СРЦЕТО НА ГЕВГЕЛИЈА

Два дена Гевгелија се претвори во вистинска арена на уличната култура и танц, преку музиката, ритамот и енергијата на Street Dance Фестивалот. Настанот, организиран од Танцовото студио „Мистик“, привлече млади танчери од Гевгелија и Скопје, љубители на урбаните стилови и на креативното изразување. Фестивалот започна со хип-хоп семинар, под водство на Ања Јолакоска, на кој младите над 12 години ја почувствуваа магијата на ритамот, учејќи техники и стилови кои го носат духот на урбаната сцена. По семинарот следуваше панел-дискусија „Youth Voices in Motion: Culture, Education, Sports – Gevgelija meet-up“, на која се дискутираше за предизвиците и можностите во културата, образованието и спортот, како инспирација за локалната заедница.

Вториот ден, Фестивалот продолжи со уште еден хип-хоп семинар, кој го привлече новиот бран на млади танчери, а кулминираше со DJ сет на DJ TightBeats, претворајќи го холот на Пионерскиот дом во вистинска сцена на музичка експлозија и енергични танцови движења. Младите танчери и возрасната публика се споија во еден ритам, каде што секој чекор и секој скок создаваше чувство на слобода и заедништво. Настанот ја афирмираше уличната култура и го промовираше младинското учество и креативност, се реализираше со поддршка од Општина Гевгелија.



**Меморијален шаховски турнир „Венци Попов 2025“**

# ПРАЗНИК НА ШАХОТ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Во Гевгелија се одржа четвртото издание на Меморијалниот еднодневен турнир во забрзан шах „Венци Попов 2025“. Настанот, кој традиционално се одржува во чест на истакнатиот гевгелиски и македонски шахист Венци Попов, собра голем број учесници и љубители на шахот. Вкупно 153 шахисти од: Македонија, Србија, Германија, Албанија, Грција, Бугарија и Косово се натпреваруваа во девет кола по швајцарски систем, со темпо од 10 минути по играч. Љубителите на шахот во Угостителската сала на СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија, имаа можност да проследат квалитетни партии и интересни дуели на Турнирот што го организираа ШК„7 Ноември“ од Гевгелија и семејството Попови.

Првото место и наградата од 25.000 денари ја освои интернационалниот мајстор од Косово, Ндерим Сарачи. Второпласиран беше македонскиот интернационален мајстор Филип Панчевски, кој доби награда од 20.000 денари, додека третото место му припадна на неговиот колега Никола Николовски, со награда од 17.000 денари. Дополнително, беа доделени и специјални признанија: за најдобро пласиран гевгелиски шахист беше прогласен Борче Танчев, а за најдобар млад играч до 18 години Андреј Неделковски. Титулата најдобар ветеран над 65 години ја понесе Илија Стошевски, додека за најдобра шахистка на Турнирот беше прогласена Сиску Евангелија од Грција.



- Настанот расте од година во година според масовноста, но и по квалитет и на организациски план. Од Општина Гевгелија учествуваа над 35 шахисти, што покажува дека љубовта кон шахот ја оправдува заложбата за формирање на Шаховскиот клуб „7 Ноември“, кој денес, на мое и на задоволство на сите граѓани, остварува значителни успеси. Упатувам честитки до членовите на ШК „7 Ноември“ за нивниот ентузијазам, успешната организација на Турнирот и топлото гостопримство, истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, на свеченото отворање на Турнирот.

**Тениски турнир „Круна опен 2025“ во Гевгелија**

# ВИСТИНСКИ СПОРТСКИ СПЕКТАКЛ

Во духот на спортот, фер-плејот и дружењето, на тениските терени во спортскиот комплекс „Касарна“ во Гевгелија, се одржа традиционалниот Турнир во тенис „Круна опен 2025“, кој и оваа година помина во одлична атмосфера и со извонредна организација. На Турнирот учествуваа 24 тенисери од Гевгелија, Валандово, Штип, Скопје, Велес, Охрид и Кавадарци.

По двата натпреварувачки дена, титулата победник на „Круна опен 2025“ ја освои Александар Грујиќ од Гевгелија, кој во финалниот натпревар го совлада Костадин Петров од Велес со резултат 6:0, 6:2, демонстрирајќи доминантна и прецизна игра од почеток до крај. Во полуфиналето играа и Андреј Саздовски и Драган Вурмо, кои со својата енергија и спортски дух му дадоа посебен печат на Турнирот. На победникот му беше доделена награда во висина од 18.000 денари, на финалистот- 9.000 денари, а на полуфиналистите по 3.000 денари, како и врачени пехари.





# ИВАНА НАЈДОВСКА ПОБЕДНИК НА ТРКАТА „ ПАНКС БЕКЈАРД УЛТРА“

Гевгелија беше домаќин на третото издание на „Панкс Бекјард Ултра“ што се одржа во Негорските Бањи. Станува збор за најнеобичната и најпредизвикувачка атлетска трка на издржливост во Македонија. Оваа година на стартната линија застанаа 60 тркачи од 9 држави - Македонија, Србија, Грција, Косово, Бугарија, Германија, Полска. По истрчани 25 кругови или 167,5 истрчани километри победничка стана Ивана Најдовска. На второто место се пласираше натпреварувачот од Грција, Тасос Леонидис со 24 круга, додека третото место со истрчани 18 круга го освои Бојан Вељановски. Настанот, воедно, беше и Национално првенство на Македонија во Бекјард ултра трчање

# МОЗАИК

## „ВЕШТА ЖЕНА“



Здружението на слепи лица од Гевгелија ја одржа манифестацијата „Вешта жена“ по повод Меѓународниот ден на белиот стап - 15 октомври. Во Угостителската сала на СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија членки на Здружението на слепи лица од Гевгелија и гости од Струмица, Скопје, Велес, Кавадарци, Охрид, Богданци, Дојран, подготвија многу разновидни јадења и десерти. Манифестацијата „Вешта жена“ претставува традиционално дружење на членовите на Здружението, преку кое тие ја презентираат својата креативност и умешност во подготовка на традиционална храна.



## „ПОМЕНИК СО ЛИЧНИТЕ ИМИЊА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО СМОКВИЦА“

Во хотел „Аполонија“ во Гевгелија, се одржа промоција на книгата „Поменик со личните имиња на населението од Смоквица“, на авторот м-р Киро Ристов. Книгата претставува фототипско претставување на две книги, во кои се запишани сите починати членови поединечно на сите семејства од селото Смоквица до 1932 година, со неколку воведни излагања за самата населба. Овие записи имаат голема историска, културна и духовна вредност, бидејќи не само што го претставуваат духовното наследство на Смоквица и гевгелискиот крај, туку и го одразуваат историскиот контекст, културните врски, традицијата, обичаите и религиските особености на населбата истакна промоторот д-р Илија Велев, познат истражувач, автор и универзитетски професор.

## „ПАТ ОКОЛУ СВЕТОТ ЗА 80 МИНУТИ“



Во Народниот театар во Гевгелија посебен интерес предизвика претставата „Пат околу светот за 80 минути“ на Студиото за танц „Еурека“ од Скопје. Овој музички спектакл беше не само инклузивна танцова претстава, туку и искрено и емотивно патување што ја открива силата на различките како нешто што нè поврзува. На сцената продефилираа танчери, меѓу кои и лица со попреченост, кои заедно создадоа незаборавно уметничко искуство. Без разлика дали тоа беа професионални танчери или луѓе со попреченост, сите танцуваа со иста страст и истата цел- да пренесат порака за инклузија, емпатија и разбирање.



## КОНЦЕРТ НА ФИЛИП ДИНЕВ – СК404

Познатиот македонски гитарист и композитор, Филип Динев, ѝ се претстави на својата родна публика во Гевгелија со целовечерен концерт. На концертот беа изведени оригинални композиции создадени во негов препознатлив стил. Настапот беше реализиран во квартет форма, заедно со м-р Кирил Кузманов на саксофон, Мартин Ѓаконовски- Шпато на контрабас и м-р Виктор Филиповски на тапани. Публиката уживаше во современ македонски џез израз исполнет со импровизација, автентична енергија и оригинален авторски пристап, кои го позиционираат квартетот, како еден од водечките џез-ансамбли на македонската сцена.

## ТУНЕЛ НА ТРАДИЦИЈАТА

„Тунел на традицијата“ во Народниот театар во Гевгелија, понуди едно поинакво видување и прикажување на традиционалната култура. Во интердисциплинарниот настан, организиран од ЈОУ Дом на култура „Македонија“ и Ансамблот „Бојмија“, беа опфатени повеќе културни дејности. Публиката уживаше во вокалната интерпретација на женската група на Ансамбл „Бојмија“, музиката од традиционални инструменти, како и вокални изведби на доајени на народната музика. Ложата во Големата сала беше претворена во „тунел“, во кој беа изложени голем број предмети и реквизити од традиционалната култура (покуќнина), како потсетување на некогашниот начин на живот, а можеа да се слушнат





## РОБОТ - КУЧЕТО АВВИ ДОТРЧА ВО ООУ „ВЛАДО КАНТАРЏИЕВ“

Робот-кучето АВВИ пристигна во дворот на ООУ „Владо Кантарџиев“ во Гевгелија. Младиот Александар Динев одржаа научна работилница, како дел од Научниот карван „Наука за деца“. Идејата за каравнот е децата да имаат една кратка, ама слатка прошетка во светот на науката преку едноставни и забавни експерименти. Тие можеа да дознаат што е магнетизам и што е вештачка интелегенција. Сепак, главна атракција на караваните беше робот-кучето АВВИ, кое ги привлече децата од Гевгелија и предизвика огромен интерес.

## СЕМЕНАКОВ И АНЧЕВ ТРЧАА НА 18. УЛТРАМАРАТОН ЗА ТОШЕ

Гевгеличаните Влатко Семенаков и Даниел Анчев, заедно со македонските ултрамаратонци- Даријан Капричевски, Мартин Димовски, Анастас Ангелески, Никола Николоски, Фидан Арсовски, Стефан Спасовски и Наум Капричевски, учествуваа на 18. по ред маратон во чест на трагично починатиот Тоше проевски. Тие трчаа од Нова Градишка до Крушево, родното место на балканската музичка ѕвезда. Тоше Проески го загуби својот живот во сообраќајна несреќа на 16 октомври 2007 година, кај Нова Градишка во Хрватска.






## КАРАТИСТКАТА СОЊА АПОСТОЛОВА ТРЕТА ВО СВЕТОТ

На 15. Светско шотокан првенство, одржано викендов во Софија, Бугарија, натпреварувачката на Карате Клуб „Гевгелија 75“ Соња Апостолова го освои 3. место во категоријата Кати-Жени кадети (14-15 год.) индивидуално. Под водство на Живко Аврамов, карате мајстор 8. дан, Клубот настапи со тројца натпреварувачи на ова престижно светско првенство и уште еднаш покажа дека Гевгелија има спортски дух, дисциплина и шампионски потенцијал во карате спортот.










ГЕВГЕЛИЈА

ГРАД НА КУЛТУРАТА 2025










ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН
Издавач Општина Гевгелија,
ул. „Димитар Влахов“ 4 Гевгелија
Тел/факс: 034/211211 | www.gevgelija.gov.mk | gevgelijainfo@gevgelija.gov.mk